**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-55

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014 и 53/16), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Телеком Словенија АД, со седиште на Цигалетова улица 15, 1000 Љубљана, Словенија, крајно матично друштво на Телеком Словенија Групата на друштва, преку адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 13.11.2017 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која **Телеком Словенија АД,** со седиште на Цигалетова улица 15, 1000 Љубљана, Словенија, крајно матично друштво на Телеком Словенија Групата на друштва, стекнува контрола над **ЈОРДАН друштво за вработување и оспособување инвалиди Кршко д.о.о.** со седиште на Сподњи Стари Град 9, 8270 Кршко, Словенија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), на ден 09.10.2017 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) прими Известување за концентрација со која Телеком Словенија АД, со седиште на

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Цигалетова улица 15, 1000 Љубљана, Словенија, крајно матично друштво на Телеком Словенија Групата на друштва стекнува контрола над ЈОРДАН друштво за вработување и оспособување инвалиди Кршко д.о.о. со седиште на Сподњи Стари Град 9, 8270 Кршко, Словенија, преку купопродажба на 100% од уделите.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Телеком Словенија е крајно матично друштво на Телеком Словенија Групата. Телеком Словенија Групацијата е со седиште во Љубљана и првенствено се занимава со давање на мрежно-поврзани (телекомуникациски) услуги во Словенија и странство. Комуникациските услуги кои се нудат од страна на Групацијата вклучуваат мобилна и фиксна гласовна телефонија, мобилен и фиксен пренос на податоци, пристап до широкопојасен интернет и пристап до телевизиска мрежа. Телеком Словенија Групата има едно поврзано друштво во Република Македонија - СИОЛ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Димитрие Чуповски бр. 4-1/14, Скопје, со предмет на работење дејности на жичани телекомуникации.

Јордан е друштво за тренинг и вработување на лица со инвалидност, активни во производството на други производи од хартија и картон (НАЦЕ класификација 17.29). Нема активности во Република Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Благој Чурлинов**